Декември 2022 | Бр. 2

# NEWSLETTER

News and Updates on the Erasmus+ Project

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

SysMind

DISCOVERING A SUSTAINABLE MINDSET

## Table of contents

**СОДРЖИНА**

**Од уредникот...............................................1**

**Втор состанок во Скопје.......................1**

**Културна програма……...………………2**

**Каменіот мост и SysMind…..………3**

**Содржини на состанокот……..……4-5**

**Покана за соработка…...………..6**

**Осигурување на квалитет……………...……6**



## Од уредникот

Работата на SysMind тимот интензивно напредува. Со редовното одржување на онлајн состаноците, се овозможува мошне солидна работна платформа. Кон крајот на септември, 2022 година, се оддржа вториот транснационален состанок, во Скопје (Р. Северна Македонија), каде што проектните партнери имаа можност да бидат дел од одлично организирана работна и културна програма. Повеќе на оваа тема може да се прочита во насловите на стр. 2 и 3. Исто така, во Скопје, тимот направи промена во рамките на проектниот менаџмент. Примопредавањето на функциите се одржа онлајн. На стр. 4 е укажана благодарност до претходниот координатор на проектот, како и претставување на новиот координатор. На состанокот се одвиваше плодна дискусија на тема „Курикулум за МООС програмата“. Преку интензивна размена помеѓу партнерите, беше презентиран нацрт на курикулумот, отворен за дискусија. Нацртите, елаборирани на стр. 5, претставуваат основа за понатамошната работа. Подеднакво важна беше и дискусијата за духовноста, вредностите и значењето. Оттука, се појави идејата дека при креирање на курикулумот, фокусот треба да биде насочен кон интеграцијата на духовниот пристап во темата за одржливост. Интернационалната едукативна мрежа PILGRIM, која што е проектен партнер во SysMind од самиот почеток,  има долгогодишно искуство во полето на интегрирање на духовноста во педагогијата. Основачот на PILGRIM, Јохан Хиш, има кратко излагање на стр. 3. Во Скопје беа дефинирани и датумите за следниот состанок во Шпанија. Сите проектни партнери треба интензивно да бараат едукатори кои би ја тестирале нацртната програма во пракса. Поканата за едукатори и датумите се наоѓаат на стр. 6, каде што се поставуваат и значајни прашања за квалитативниот менаџмент.

## Втор интернационален состанок во Скопје/Македонија

### Содржини, културна програма

На 27 и 28 септември, на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се оддржа вториот SysMind транснационален состанок. Учесниците беа топло пречекани од Деканот на Филозофскиот факултет, проф. д-р Ратко Дуев и од останатите професори. Организаторите ги вклучија следните ставки во рамките на конференциската програма: 1. Раскажување приказни со цел создавање на интеркултурна свест 2. Креирање на речник за заедничко работење, 3. Исход 2- SPOC и одлучување како да се структуира SPOC | Кои се нашите идеи во однос на содржината? Дефинирање на целите на/за учење врз основа на она што до сега беше истражувано.

Значајна ставка на состанокот во Скопје беше дискусијата за новиот нацрт на курикулумот, врз основа на кој треба да се одвива обуката на наставници. Состанокот беше одржан со физичко присуство, додека пак некои од учесниците имаа можност да ги следат сесиите онлајн. Интересната и богата културна програма на Универзитетот, обиколката со водич во стариот град и заедничката вечера, го збогатија состанокот со вредно и пријателско искуство.





# Културна програма во Скопје







## Обиколка на Универзитетот

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со околу 50.000 студенти, е најголемиот државен универзитет во земјата. Основан помеѓу 1946 и 1949 година, името го добил по светите браќа Кирил и Методиј.

Во обиколката на Универзитетот беше вклучена и посета на универзитетскиот археолошки музеј, кој што поседува импресивна колекција на археолошки артефакти. Таму, на SysMind тимот му беше презентирана интересна колекција која опфаќа неколку милениуми и дава увид во богатата и повеќеслојна македонска историја. Обиколката и презентацијата беа одлично подготвени и извршени од страна на универзитетски професор и докторант на Филозофскиот факултет.

## Скопје навечер

На гостите посебен впечаток им остави прошетката во Старата скопска чаршија, лоцирана во подножјето на ридот, каде што е сместена тврдината Кале. Во чаршијата преовладува османлиската архитектура, видлива кај голем дел од градбите и калдрмисаните сокаци. Тимот на SysMind беше фасциниран од мноштвото златарски дуќани, пекари, турски ресторани, кафеани и џамии во чаршијата. Изграден во 15 век, Камениот мост го поврзува стариот град со модерниот центар и претставува симбол на градот Скопје.

На обете страни од мостот е спроведен проектот „Скопје 2014“, кој што вклучува импресивни модерни објекти и споменици, светли градби во неокласичен стил, кои го разубавуваат центарот на градот. Тука се вбројуваат многу владини објекти лоцирани долж реката Вардар, како и на пример „Триумфалната капија“, односно Порта „Македонија“. Во центарот на градот се наоѓа и спомен-куќата на Мајка Тереза, изградена во чест на животот и делото на Мајка Тереза. Планината Водно е уште една впечатлива знаменитост на градот, на чиј врв е поставен колосален челичен крст, видлив од голема далечина.

Штефан Семпт

## Онлајн присуство на состанокот

Онлајн учеството на конференцијата во Скопје ми овозможи да бидам дел од дискусијата за новиот концепт барем едно попладне. Беше пријатно да се видат сите проектни учесници во таков прекрасен амбиент на Универзитетот во Скопје.

Гертрауд Вајкслбаумер

# Поврзаноста помеѓу Камениот мост и SysMind



http://visitskopje.mk/stone-bridge-2

## Впечатоци од градската тура

След прошетката по тесните сокаци во муслиманскиот дел на градот и вкусниот оброк, SysMind групата ја премина реката Вардар преку Камениот мост. Овој мост не само што е стар и прекрасен, туку е и симбол на врската помеѓу две различни култури. Каменот мост ги поврзува Истокот со Западот, исламот со христијанството. Соединува две различни половини на градот, ја поврзува Азија со Европа. Покрај тоа, мостот претставува симбол и за SysMind проектот. Ја поврзува природата наклесана на камен со културата на архитектурата. Го покажува патот до нашата цел: комбинирање на одржливоста со духовноста. Овој модел кој ние сакаме да го примениме е новитет во педагошката наука. Тој е плод на дикусиите водени помеѓу проектните партнери на состаниците во Виена и Скопје. Човек посакува да остане што подолго на овој мост. Нам ни се врежа во меморијата и во срцата. Од другата страна на мостот се чувствувавме како да сме во некој од големите европските градови. На крајот од градската тура домаќините од УКИМ ни приредија топло добредојде со богата вечера во еден од скопските ресторани.

Пјотр Кубијак

## Разбирањето на духовноста во PILGRIM

… е обликувано од неговиот зачеток како научно-истражувачки проект. Пред само 20 години, Министерството за образование, наука и култура финансираше проект со цел да се истражи дали трите димензии, екологијата, економијата и општествените прашања се остварливи извори за религиозното образование. Според научните критериуми, беше откриено дека инволвираните религиозни општества мораа да ги претстават чисто фактичките прашања и ставови. Искуствата од соодветната научена, доживеана и рефлектирана религија би можеле да се дефинираат како предмет на продлабочен поглед на светот како духовност. Како резултат на тоа, духовноста беше идентификувана како четврта димензија на одржливоста. Во тој период Институтот за веронаука чувствуваше должност да ја продолжи оваа мисија во рамките на својата дејност. Животните прашања како: Зошто сум тука? Како сакам да живеам? Што е добро, ги допираат сите луѓе и сите возрасти. Поради оваа причина добредојдени се сите теми, дури и оние што ги надминуваат рамките на религиозното образование и природните науки.

Јохан Хиш, основачот на PILGRIM

# Содржини на состанокот

### Промена во раководството на SysMind проектот

*Почитуван Маихаел Продингер,*

*Како член на SysMind проектот, би сакал да ти се заблагодарам во името на сите проектни партнери за твојата посветеност како „поттикнувач“. Со твојот пријателски и шармантен пристап, секогаш нѐ потсетуваше што ние како одговорни за проектот треба да завршиме и кога. Создаде платформа за комуникација и ги постави темелите за добар континуитет на работата. Дојде време да ја предадеш одговорноста на Силке Шаумбергер.*
*Ти благодарам за структурирањето и прегледите. Одлично ја заврши работата! Се надевам дека ќе имаме можност повторно да те вклучиме во проектот во некаков друг контекстст.*
*Ти благодарам многу!*

*Клаус Карпф, еден од иницијаторите на проектот*

*Драг Михаел,*

*Сите учесници во прокетот, сите SysMind-ери ти се заблагодаруваат за дадената поддршка во првите недели и месеци од започнувањето на проектот. Одлично ја заврши работата! Ти благодарам Михаел!*

*Тимот на SysMind*

### Силке Шаумбергер – новиот SysMind координатор



Се викам Силке Шаумбергер и сум дел од SysMind проектот од септември 2022 година, кога го презедов раководството од Михаел Продингер. Како Германка која живее во Австрија и која што долго време по завршувањето на студиите за пејзажно планирање, истражуваше во полето на земјоделието, лично ги искусив предизвиците при преиспитување на сопствените вредности и ставови. Сметам дека е одлично што интернационалниот SysMind тим ги комбинира различните позадини и пристапи работејќи на идеи и алатки за иницирање и проследување на таквите развојни процеси во рамките на стручната обука, бидејќи за да го задржиме нашиот свет во кој вреди да се живее, нужен е поодржлив став од (сите) нас луѓето!
Моето професионално портфолио се состои од завршени студии по пејзажно планирање, коњарство, аграрна педагогија и докторат во полето на ботаниката. Работните ангажмани до сега главно ми беа истражувања и проектни активности во полето на агрикултурата, но исто така работев и како предавач на универзитет и дополнително бев ангажирана во приватниот сектор.

Силке Шаумбергер

# Содржини на состанокот

## Подготовка на курикулумот

*Во овој курикулум ќе бидат прикажани* ***детални компетенции, дефинирачки теми, лични и социјални компетенции како и методологија****. Сите развојни чекори се вградени во основите на е-учењето и се засновани на концептите на менаџирање на различностите. Исто така, со курикулумот ќе бидат опишани* ***три различни модули****. Проектниот тим како алатки за учење ќе земе предвид современи и поразлични опции.* ***Курикулумот ќе се фокусира на тимски и практично ориентирани искуства за учење за стручно образование и обука. Наставниците треба да се фокусираат на решавање на интеркултурна и интеррелигиска дилема со цел да стекнат поинакви компетенции.*** *За модулот* ***ќе бидат усвоени различни методи на е-учење,*** *како резултат на содржината на курикулумот, на пр. квизови, модерирани дискусии, алатки за соработка… Овој курикулум ќе биде* ***темелот за MOOC****.*

SysMind предлог, s. 63

Основна структура на курикулумот, договорена во Скопје:




Нацрт-план за курикулумот:



# Покана за интернационална соработка

### Откривање на одржлив начин на размислување: курс за комбинирано учење

Една од целите на Еразмус+ проектот „SysMind- развивање на одржлив начин на размислување“ е да се разработи **интернационален курс за комбинирано учење**. Доколку сте **стручен едукатор/наставник** во полето на применетите природни науки (земјоделство, шумарство, нутриционизам, хортикултура, домашна економија, екологија, интерпретатори на природата и т.н.) или во полето на веронауката и етиката, срдечно ве покануваме да се приклучите на курсот! Во рамките на курсот ќе ви понудиме да станете свесни за вашите сопствени ставови, да се запознаете со идеите и методите за подигнување на свеста кај вашите ученици како и активно да се вклучите во надополнување и евaулација на курсот. Врз основа на имплементираниот курс за комбинирано учење ќе се развие MOOC (бесплатен онлајн курс).

| Activity | Date | Time (CET) | Location |
|---|---|---|---|
| ***Module 1:*** | | | |
| **Pre-online session LTT1** | 21.02.2023 | 12:00-13:30 | online |
| **LTT1** | 30 03.-1.04.2023 | 3 days | FFM, Dehesa San Francesco, Spain |
| **Post-online session LTT1** | 16.05.2023 | 14:00-15:30 | online |
| ***Module 2:*** | | | |
| **Pre-online session LTT2** | 19.09.2023 | 14:00-15:30 | online |
| **LTT2** | 15.-17.11.2023 | 3 days | UCAEP Vienna, Austria |
| **Post-online session LTT2** | 23.01.2024 | 14:00-15:30 | online |
| ***Module 3:*** | | | |
| **Pre-online session LTT3** | 12.03.2024 | 14:00-15:30 | online |
| **LTT3** | 9.-11.4.2024 | 3 days | LLU, Jelgava, Latvia |
| **Post-online session LTT3** | 14.05.2024 | 14:00-15:30 | online |

**За повеќе информации обратете се кај вашиот SysMind партнер**

# Осигурување на квалитетот

Стандардите за квалитет во рамките на Sysmind проектот ги сфаќаме сериозно! Уште пред состанокот во Скопје до проектните партнери беше испратена анкета, со цел да ги дознаеме нивните желби и потреби за да создадеме една работна атмосфера која што ќе ни го отвори умот. Партнерите ја пополнија анкетата со големо внимание, особено во делот на конкретните желби кои се однесуваат на содржината. Тука мора и сè уште може да се следи обезбедувањето на квалитет на проектот. Особен успех претставуваше запознавањето на меѓусебните ставови и размислувања за време на тридневниот состанок во Скопје. Обиколката на градот, посетата на старата чаршија, како и кулинарната размена беа инспирација за појава на нови идеи поврзани со тоа како интеррелигиските прашања и културните навики можат продуктивно да се искористат во понатамошната разработка на материјалите за „Развој на одржлив начин на размислување“. Можеби ова навестува една квалитетна работна култура која би произлегла од овај проект и би се имплементирала во самите организации на проектните партнери. Анкетата спроведена по состанокот во Скопје даде малку суштински одговори, но добар увид во разменетите искуства. Тоа претставува основа за развој на шема за заедничко размислување и во научниот свет! Единствено на овој начин може да се разберат културите на знаење и културните практики, не само когнитивно, туку и емотивно, како квалитетна карактеристика на овој проект.

Елке Шалај, менаџер за квалитет, SysMind